**АТАНАСОВСКА-ЦВЕТКОВИЌ Анета** **УДК:** 347.965:340.13(497.1)"1929"

# ПРИКАЗ НА ЗАКОНОТ ЗА АДВОКАТИТЕ ЗА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ОД 1929 ГОДИНА

**Апстракт:** Адвокатурата, како правна професија, не е творба на новото, модерно време. Адвокатите, како заштитници на правно неуката странка, своите услуги ги давале уште од времето на моќниот Рим. Како се менувале времињата, владетелите, политичките услови и општествените потреби, така, адвокатите и адвокатурата добивале законски одредби кон кои морале да се придржуваат. Овој труд е приказ на еден конкретен закон, во еден конкретен историски период, а изработен е со цел да се прикажат условите и начините со кои адвокатите постапувале, кои биле нивните права и обврски, како се станувало адвокат и како бавењето со адвокатурата престанувало и да се прикаже еден закон кој важел и на територијата на Република Македонија, кон кој се придржувале авокатите од тоа време. Во исто време, овој труд, има за цел да ја прикаже значајната улога и автономија која ја имал адвокатот во тој конкретен историски период.

**Клучни зборови:** *правник, адвокат, закон, историја, историски период, општество*

**ATANASOVSKA-CVETKOVIC Aneta**

# REVIEW OF THE LAW ON ADVOCATES FOR THE KINGDOM OF SERBS, CROATS AND SLOVENES FROM 1929

**Abstract:** The advocacy, as a legal profession, is not a creation of the contemporary, modern times. Lawyers, as protectors of a legally ignorant party, have provided their services since the time of powerful Rome. Thus, as times, rulers, political conditions and social needs changed, lawyers and advocacy received legal provisions, legal rules to which they had to adhere. This paper is an overview of a specific law, in a specific historical period, and it was written to show the conditions and ways in which the lawyers acted, what were their rights and obligations, how the lawyer became a lawyer, how the advocacy was terminated and to present a law that was applicable and valid on the territory of the Republic of Macedonia, to which the avocats of that time adhered to the regulations. At the same time, this paper aims to show the important role and autonomy of the lawyer in that concrete historical period.

**Keywords:** *lawyer, advocate, law, history, historical period, society*

## ВОВЕД

Историските услови кои биле присутни на овие простори пред донесување на Законот за адвокатите од 1929 година укажуваат на мноштво политички превирања и случувања. Имајќи ја во вид Првата Светска Војна, која само што била завршена и Балканските војни, чии резултати се огледале во поделбата на Македонија помеѓу Грција, Бугарија и Србија, историјата говори дека територијата на денешна Република Македонија потпаднала во рамките на тогашното Кралство на Србите, Хрватитие и Словнеците[1] кое било формирано на 01.12.1918 година.

Сé со цел обединување и формирање на единствен правен систем кој ќе важи на целата територија на тогашното Кралство СХС, тогашната власт се сретнува со шест различни правни

[2)]Во понатамошниот текст: Кралство СХС

подрачја[2], кои ќе мораат да бидат внесени во еден единствен систем. Како најкарактеристични подрачја биле сметани подрачјата на Босна и Херцеговина и Македонија, бидејќи на овие територии владеел правниот систем на шеријатското право.

Имено, на територијата на денешна Република Македонија која влегла во рамките на Кралството СХС, во тоа време, токму поради шеријатското право не можело да се говори за закон кој ќе биде наметет за адвокатите. Дотолку повеќе, не можело да се говори и за адвокатурата како професија во тој историски момент. Би можело да се каже дека за појавата на адвокатите и адвокатурата во Македонија битна историска улога игра Малдотурската револуција (1908г.), па, под тие услови се јавуваат и првите адвокати чија положба не била утврдена и можеле да извршуваат разновидни работи, а не само судски.[3]

Во вакви услови (политички, територијални и законодавни), унификацијата и создавањето на еден единствен правен систем траело долго. Се работело во различни групи и комисии, за после подолг период да се создадат и првите закони кои ќе бидат единствени и важат на целата територија на тогашното Кралство СХС. На полето на законите поврзани за правосудсвото, а особено на законот кој ќе биде наменет за адвокатите работеле значајни адвокатски имиња од тоа време. Целта на оваа работна груба била создавање на слободна и независна адвокатска професија. Предвесник на Законот за авокатите од 1929 година бил „Адвокатски (одвјетнички) закон од 1921 година. Сепак, овој закон бил сосема недоволен да се изгради една солидна и значајна и автономна професија каква што е адвокатурата и недоволен да се формира угледната професија адвокат.

Следуваат мноштво дообработки и предлози за нов закон кој ќе биде, ако може да се каже, достоен за автономната професија адвокат, неговата работа како и неговата заштита. На крајот, на ден 17.03.1929 година во Белград е прогласен Законот за адвокатите, кој важи за сите адвокати на целата територија на Кралството СХС, кое од 06.01.1929 година е преименувано во Кралство Југославија.

## 1. ЗАКОН ЗА АДВОКАТИТЕ НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ

Имајќи го во вид формирањето и распуштањето на Кралството СХС, шестојануарската диктатура и донесувањето на Законот за адвокатите, историјата смета дека станува збор за еден од најуспешните и најзначајните закони кои допринеле во унификацијата на правниот систем на ова подрачје во тоа време. Не смее да се изостави и фактот дека станува збор за закон, современ за тоа време, кој е работен по примерите на европските закони. Се има став дека овој закон претставува врвно достигнување и издигање на адвокатот на едно незамеливо ниво на дел од општеството во тоа време. Законот, говори историјата, е основа за процветување на адвокатурата на просторите на тогашна Југославија, па сé до избувнувањето на Втората светска војна.[4]

### 1.1 Општи наведувања за Законот

Веќе беше речено дека законот е донесен 17.03.1929 година во Белград. Од самиот текст на законот, од објавата во тогашните службени весници, може да се согледа дека овој закон е донесен на предлог на тогашниот министер за правда д-р М. Скршиќ. Се работи за закон составен од 129 членови поделени во XVII глави. Доколку внимателно се прочита овој закон ќе се согледа дека постојат два битни столба кој го градат овој закон: уредувањето на адвокатурата и организационата структура на адвокатурата. За потребите на овој труд ќе биде разгледан само

3)Сатува збор за следните подрачја: 1. Подрачје Кралство СХС, 2. Подрачје Црна Гора, 3. Банска Хрватска, 4. Подрачје Војводина, Меѓумурје и Прекумурје, 5. Подрачје Словенија, Далмација и делови од Истра и 6. Подрачје Босна и Херцеговина.

4)Никола Мемедовиќ, Создавање на Кралството СХС во Историја на Југословенската адвокатура, книга II, Белград, 2000, 15-24.

5) Мемедовиќ, op.cit. 92

првиот столб, односно ќе се разгледува уредувањето на адвокатурата во тој конктетен историски период.

Што се однесува до вториот столб (организационата структура на адвокатурата), во него се сместени одредбите кои се однесуваат на адвокатските комори (чл.37-48), правото на надзор и дисциплинкото право (чл. 49- 59), дисциплинска комисија (чл. 60-70), дисциплинска постапка (чл. 71- 92), правни лекови против пресудата и другите одлуки на дисциплинската комисија (чл.93- 101), адвокатска дисциплинска комисија во Касациониот суд (чл. 102-111), повторување на дисциплинската постапка (чл. 112-116), службени тоги (чл.117), осигурување на адвокатите (чл.118), такси (чл.119) и на пискаралата и надриписарите (чл.120).

Секако, и Законот за адвокатите од 1929 година има свои преодни и завршни одредби кои се сместени во главата XVII во членовите 121 до 129.

### 1.2 Стекнување со адвокатурата

Станува збор за законските одредби сместени во глава I, а се однесуваат на начинот на кој може да се стане адвокат и кој може да биде адвокат.

Уште во времето на Кралството СХС адвокатурата претставувала занимање со јавен карактер, претставувала дел од јавниот поредок со своевиден углед и авторитет на адвокатите. Адвокатите, пак, како дел од јавниот поредок имале своја благородна, општествена должност, пред сé, да помагаат совесно и чесно, а своето правно, стручно знаење да го сосредототочат на давање правни совети на поединците кога тоа го бараат од нив. Со цел на исполнување на законските услови, тие морале и можеле да влијаат врз странките за нивно смирување. Оттука, може да се заклучи дека адвокатот уживал углед во тогашното општество. Во иста насока, а во согласност со законот, адвокатите застапувале пред судовите бранејќи ги правата и интересите на своите клиенти, но и помогале, не само на судовите туку и другите органи на власта (како и самоуправните институции) да ја донесат правичната одлука.[5] Од самиот почеток на законот може да се откире дека истиот адвокатурата ја уредува како достоинствена професија, полна со одговорност, но и неоходна потреба од соодветно знаење како би се доизградила или би се задржало нејзиното достоинството. Не станува збор за чиновништво или администрација, туку за дејност која тогашното општество је кренало на мошне завидно ниво. Дури би можело да се каже дека станува збор за дејност која директно влијалела или би влијаела на општествените промени, а адвокатот е тој кој стоел на одбрамбениот бедем на законитоста, примената на законите и донесувањето на правични одлуки.

Но, законодавецот, иако директно не влијае врз адвокатурата и адвокатите, сепак пропишува минимални услови кои мораат да бидат исполнети. Стои позади тоа дека адвокатурата односно адвокатскиот сталеж е независен[6], на тој начин пропагирајќи и утврдувајќи ја автономијата на адвокатурата, но ги бара следните услови: државјанство, деловна и правна способност. Како битен услов се наведува и завршувањето на правниот факултет, но не само во Кралството СХС, туку правниот факултет, законот дозволува, може да биде завршен и во странство. Во Кралството СХС бил пропишан и услов за завршувањето на стажирањето[7], полагањето на адвокатскиот или судскиот испит за адвокатот да може да го „испече занаетот„ , но и да го потврди своето знање и вештина како би докажал дека е достоен и има знаење да се занимава со адвокатурата.[8]

Кога се говори за стекнувањето со адвокатура, мора да се напомене и тоа дека законодавството на тогашното Кралство СХС наметнувало и услови под кои, во ниеден случај,

[6]) Чл.1, Закон за адвокатите 1929 г.

[7]) Чл. 49, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

[8]) Во законот се нарекуваат вежби кои биле изведувани во времетраење од 5 години, од кои една година приправникот морал да помине во суд, три кај адвокат, а една година во обивинителството, кај јавен бележник или во административна служба.

[9]) Чл. 2, Закон за адвокатите 1929 г.

едно лице не може да се бави со адвокатурата и покрај начелото на слободна адвокатура. Така, на прво место, законодавецот изрекува дека кривичната осуда е една од основните препретки за бавање со адвокатура. Во тој правец, лицето на кое му било изречена осуда од стана на кривичниот суд немало законска способност да се занимава со адвокатура.[9] Водејќи сметка за адвокатурата како угледна професија, законодавецот пропишувал дека адвокат не смеело да биде лице чие занимање било спротивно на угледот, честа или независноста на адвокатот. Но, законодавецот наведува и дека секој оној кој со своето однесување или работа, себе се довел во ситуација на недоверба не можел да биде адвокат. Истиот закон не дозволувал на вработените во државниот апарат да се бават со адвокатурата и да бидат адвокати, но дозволувал на хонорарните професори на универзитетите или наставиците во стручните школи во исто време да бидат и адвокати. На овој начин, законодавецот, почитувајќи го начелото на автономија на адвокатурата, прави сегрегација и потврдува дека адвокатурата и адвокатите се дел од општествениот живот, но не се државна администрација, туку себе засебна хомогена група (фела).[10]

За да биде стекнувањето со адвокатура комплетно, за да може адвокатот да практикува своја пракса, завршниот чин, како што наведува законодавството на тогашното Кралство СХС, е упис во именикот на адвокатите при Адвокатската комора.[11] Стекнувањето со адвокатура се завршувало со положување на заклетва,[12] а уписот на адвокатот во адвокатскиот именик бил објавуван во службените весници.

Адвокатот својата пракса (адвокатура), согласно тогашниот закон, морал да ја извршува од седиштето-канцеларијата во местото во кое сам ќе го одбере. Во исто време, адвокатот имал право да го промени седиштето, но со претходна најава до Адвокатската комора односно на нејзиниот одбор три месеци пред да го изврши преселувањето.[13] Но, секој адвокат од тоа време морал да има на ум дека не смеел да има филијали на својата канцеларија, како и тоа дека не смеел да работи во друштво со лице кое не е адвокат.[14] Вториов дел од законското решение укажува на тоа дека во времето на Кралството СХС откако ќе се стекнела адвокатурата, на адвокатот му била оставена можноста адвокатурата да ја извршува сам или во друштво со адвокат.[15]

### 1.2.1 Адвокатски приправници, чекор пред стекнување со адвокатурата

Погоре во текстот веќе беше спомнато дека приправничкиот стаж (вежби), како еден од условите за да може едно лице да се стекне со адвокатура, траел, во тоа време, 5 години, од кои три морал да ги помине на вежби кај адвокат. Законодавецот ги конкретизирал правилата кои морало да бидат почитувани од страна на адвокатските приправници.

Било наложено на Адвокатската Комора уредно, освен на адвокатите, да води именик и на адвокатските приправници.[16] Биле назначени низа од законски правила кои се однесувале за приправниците. Секој нов приправник морало да поднесе и потпише молба за упис во именикот на приправниците. Во исто време, молбата морала да биде потпишана и од страна на адвокатот

---

10) Чл. 4, Закон за адвокатите 1929 г.

11) Чл. 4 и чл.33, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

12) Чл. 6, Закон за адвокатите 1929 г.

13) Чл. 8, Закон за адвокатите 1929 г. Заклетвата, во тоа време, гласела: „Јас --- ---- стапувајќи во редот на адвокатите се колнам на семоќниот Бог и давам чесен збор дека верен на кралот на Кралевството Југославија кој е на власт ќе бидам, дека до законотот совесно ќе се придржувам, и дека со големо залагање, совесно ќе ја застапувам правдата и ќе ја вршам својата должност. Така, нека ми е Бог на помош."

14) Чл. 34, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

15) Чл. 20, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

16) Под друштво, во тоа време, се подразбирало извесно трговско друшто, здружение од најмалку двајца адвокати.

17) Чл. 9, Закон за адвокатите 1929 г. Во понатамошниот текст: приправници.

кај кој приправникот ги изведувал своите вежби.[17] Адвокатот бил должен, без одлагање, да го пријави денот кога приправникот отпочнал со својата работа (вежби), како и секо постапување на приправникот и секој престан кој надминува време траење од еден месец.[18]

За еден приправник да се стекне со адвокатура, откако ќе протекнел периодот за вежби во времетраење од пет години, несомнено, во времето на Кралството СХС, неопходно било приправникот да полага адвокатски испит, кој се полагал во Апелациониот суд, пред комисија.[19] Адвокатскиот испит се изведувал и писмено и усмено, а усмениот испит бил изведуван јавно[20], на кој приправникот требало да покаже соодветно теориско и практично разбирање и знаење поврзани за законските прописи.[21] На крајот, доколку адвокатскиот приправник не го покаже потребното знаење и не го положи адвокатскиот испит, во тој случај следувала санкција. Санкцијата, во согласност со законот, била одредена во форма на забрана. Значи, адвокатскиот приправник кој не го положил адвокатскиот испит му следувала забрана за полагање за време од шест месеци. Но, ако, и после протекот на забраната од шест месеци, не го положил адвокатскиот испит, адвокатскиот приправник можел да го полага само уште еднаш и тоа после протекот од една година од последното полагање. Доколку и тогаш не го положел испитот, приправникот го губел правото на полагање, а со самото тоа да стане адвокат, како и бавењето со угледната професија адвокатура.[22]

Што се однесувало до правата и обврските кои ги имале адвокатските приправници во тоа време, неспорен е фактот дека тие биле истите оние права и обврски кои ги имале адвокатите. Значи, одредбите од законот кои биле посветени на правата и обврските на адвокатите сходно се применувале и на адвокатските приправници.[23]

Оттука, може да се дојде до заклучокот дека законодавството на Кралството СХС, а потем и на Кралството Југославија и те како водело сметка за почитување на начелата на автономија и слобода на адвокатурата како самостојна и угледна професија од една страна. Од друга страна, пак, несакајќи авторитетот и угледот на адвокатурата да биде уништен, наметнува строги законски правила кои требало да бидат исполнети за едно лице да се стекне со адвокатурата, станувајќи, прво адвокатски приправник, а потоа и адвокат.

### 1.3 Престанување на адвокатурата

За целото време на траење на адвокатурата односно преземањето на правни работи во име и за сметка на странката, застапувањето на истата пред судовите и другите државни и јавни органи и давањето на правните совети, адвокатот е должен да постапува чесно и одговорно чувајќи го угледот на адвокатскиот сталеж. Но, што се случувало во ситуациите и кои биле тие ситуации кои доведувале до престанување на адвокатурата? Законот за адвокатите од 1929 г. предвидува и престанок на адвокатурата во конкретни ситуации.

Во прва линија, Законот за адвокатите од 1929 г. предвидувал престанување на адвокатурата во случај ако лицето го изгубило државјанството. Овој законски услов укажува на уште еден чекор во прилог на штитењето на адвокатурата и адвокатите како "еснаф". Тоа значело дека само и само ако адвокатот бил државјанин на Кралството СХС можело да се бави со адвокатурата. Губењето на државјанството, по автоматизам, значело и престанување на адвокатурата.[24]

18) Согласно законските одредби, приправникот требало да помине три години на вежби кај адвокат од вкупно пет години кои биле задолжителни за приправниците.

19) Времето поминато на војна вежба се сметало за време поминато на вежби.

20) Чл. 13, Закон за адвокатите 1929 г.

21) Чл. 14, Закон за адвокатите 1929 г.

22) Чл. 15, Закон за адвокатите 1929 г.

23) Чл. 17, Закон за адвокатите 1929 г.

24) Чл. 35, Закон за адвокатите 1929 г.

25) Чл. 36, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

Престанувањето на адвокатурата настапувало и во ситуации кои биле поврзани со финансиското работење на адвокатот. Така, со паѓање во стечај и отварање на стечајна постапка врз имотот на адвокатот, тој го губел правото да се занимава со професијата, а тоа повлекувало и престанок на адвокатурата. Но, и во случај да постои судска одлука да не се отвори стечајната постапка за оние случаи кога имотот на адвокатот не бил доволен да се покријат трошоците на стечајната постапка, и во вакви случаи се прибегнувало кон престанување на адвокатурата.[25]

Неспорен е фактот дека адвокатурата престанувала со бришење на адвокатот од именикот на адвокатите. [26] За адвокатот да предизвика бришење од именикот на адвокатите, освен на свое барање, тој мора да се занимава со работи кои не се дозволени и не се во согласност со Законот за адвокатите. Станува збор, пред сé, за занимавање со работи кои се неспоиви со положбата, угледот, честа и независноста на авокатите.[27] Во исто време, адвокатурата ќе престане и ако адвокатот ја обавува својата адвокатура паралелно со вршење на државна или било која друга јавна или приватна служба која извршува за месечен надомест-плата. Во овие две подвлечени ситуации Адвокатската комора го повикувала адвокатот, во одреден рок, да престане со вршење на таквите работи. Доколку адвокатот не постапи во согласност со барањето на Адвокатската Комора, тогаш бивал избришан од именикот на адвокати, а со тоа престанувала и адвокатурата.[28]

Адвокатурата престанувала и во случаи кога адвокатот бил кривично осуден со осудителна пресуда и тоа го чинело недостоен за вршење на адвокатурата затоа што сторувајќи го кривичното дело, а и осудителната пресуда, го чинел недостоен за бавење со адвокатурата и го прекршил правилото за штитењето на угледот на адвокатскиот сталеж. [29] Од друга страна, пак, и дисциплинската одговорност, односно дисциплинската пресуда повлекувала престанување на адвокатурата откако ќе се затвори дисциплинската постапка и адвокатот ќе се огласи за виновен.[30]

Законот за адвокатите од 1929 година, во членот 36, став 1, како причина за престанувањето на адвокатурата го наведува одрекувањето. Така, законодавецот остава на адвокатот, по своја волја, да се одрече и престане со извршувањето на адвокатската пракса.

И на крајот, секако, со смртта која како природен настан настапува кај секое лице, доколку истата настапи и кај адвокатот, последицата била престанување и на адвокатурата.

Вака презентираните начини за престанување на адвокатурата оставаат можност да се заклучи дека станува збор за еден мошне стабилен и добро смислен, утврден и разработен закон пред да биде изгласан и исиот да стапи на сила.

## 2. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА АДВОКАТИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА АДВОКАТИТЕ ОД 1929 ГОДИНА

Имајќи го во вид целиот опсег на работните дејствија кои може да ги презема адвокатот, основните дејствија, ако може така да се каже, се сведуваат на заштита на правно неуката странка како и застапувањето пред судовите доколку некое нејзино право е загрозено или повредено. Значи, за да може да се генерализира сликата која се однесува на правата и должностите на адвокатот во тоа време треба на ум да се има застапувањето на странката која се вршела врз основа на дадено полномошно[31] или пак договор за полномошно.

---

26) Чл. 36, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

27) Чл. 36, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

28) Чл. 33, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

29) Чл. 33, ст.2, Закон за адвокатите 1929 г.

30) Чл. 36, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

31) Чл. 71-92, Закон за адвокатите 1929 г.

32) Полномошното претставува овластување кое го добива адвокатот да постапува во име и за сметка на странката за дејствата и правните работи кои се наведени во истото.

Така, правата и должностите на адвокатот настанувале во оној момент кога од него ќе била побарана професионална услуга или помош при заштита на нечие право, а при тоа му било дадено полномошно за да може да постапува во име и за сметка на својата странка[32] и бил должен да состави и потпише записник на кој биле точно наведени сите оние работи кои му биле доделени, а адвокатот ги прифатил да ги изврши.[33] Во тој правец, законодавецот од времето на Кралството СХС во Законот за адвокатите од 1929 година ја посветува главата III токму на правата и должностите на адвокатите во тоа време.

Пред сé, законодавецот од тоа време, на адвокатите им наметнува должност која се однесува на чувањето на тајни и на тој начин го структуира и зајакнува односот кој денес го препознаваме како однос адвокат-клиент. Значи, сите тајни кои се изнесени пред адвокатот, сите разговори кои биле водени со него и пред него, а биле кажани во доверба, адвокатот, во согласност со законот, бил должен да ги чува како тајна.[34] На овој начин, на адвокатот му била доделена и должноста да со своето држење, постапување и однесување да ја чува честа и угледот на својот, како што се вели во законот, сталеж.[35] Оттука, авторитетот на адвокатот бил законски заштитен, од една страна, а од друга страна претствувало голема и значајна должност за секој адвокат.

Но, адвокатот не бил само со должност да постапува во име и за сметка на својата странка и да ја застапува пред судовите и пред другите државни и самоуправни власти и јавноправни тела, ами имал и овластување да дава совети за сите правни работи.[36] На тој начин било извршено заокружување на сите дејства и дејности кои адвокатот, како угледне член на сталежот и општеството можел да ги презема.

Затоа што станувало збор за чесна и угледна професија која позади себе имала вложување на труд и соодветно правно знаење, како и губење на време (како што е наведено во законот), на адвокатот му било дозволено правото да договори награда за вложениот труд.[37] Секако, за да се договори награда требало да постои спогодба, а наградата се засметувала врз основа на правилник за наплата кој го одредувал министерот за правда откако ќе ги сослушал Адвокатските Комори и Апелационите судови.[38] Министерот за правда, висината ја одредувал врз основа на едноставноста во постапувањето. Доколку станувало збор за едноставни постапувања и дејствија, министерот дозволувал просечна цена, која низ целото Кралство СХС варирало од место до место и се менувала врз основа на приликите.[39] Иако, во тоа време, судот по службена должност именувал адвокат кој ќе ја брани и застапува сиромашната странка, сепак законодавецот дозволувал право на адвокатот да од сиромашната странка бара исплата на награда штом и доколку сиромашната странка имала можност да го плати застапувањето.[40]

Кога говориме за законските одредби кои се однесуваат на правото на договарање на награда на адвокатот, мора да укажеме на тоа дека не секогаш наградата била договорена. Во тоа време, кога не постоела спогодба со која се договарала висината на наградата или висината на наградата не била предвидена во правилникот, се применувале правилата наведени во општиот граѓански законик.[41] Законодавецот предвидува уште едно право на адвокатот, а тоа е правото да ја тужи својата странка заради наплата на својата награда и сторените трошоци.[42] Но, законодавецот, а сé со цел решавање на настанатиот проблем по мирен пат, дозволувал на адвокатот, а и на странката да се обратат до Адвокатската комора за мирно решавање на спорот

33) Чл. 21, ст.2, Закон за адвокатите 1929 г.
34) Чл. 21, ст.3, Закон за адвокатите 1929 г.
35) Чл. 21, ст.4, Закон за адвокатите 1929 г.
36) Чл. 21, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
37) Чл. 20, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
38) Чл. 27, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
39) Чл. 28, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
40) Чл. 28, Закон за адвокатите 1929 г.
41) Чл. 27, ст.5 и 6, Закон за адвокатите 1929 г.
42) Чл. 29, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
43) Чл. 29, ст.2, Закон за адвокатите 1929 г.

поврзан со побарувањата односно наплатата на наградата и сторените трошоци пред судот кои настанале како резултат на застапување на странката.[43]

Доколку адвокатот или странката не се обратат на Адвокатската комора за мирно решавање на настанатиот спор, адвокатот има право да поднесе тужба заради наплата на своите побарувања од странката без претходно судско одмерување. Сé додека таквата тужба не била поднесена и адвокатот и странката имале право да бараат да се одмери висината на наградата и сторените трошоци од судот. Надлежен суд за решавање на овој спор бил истиот оној суд кај кој било одлучено во прв степен за спорот кој го водел адвокатот во име и за сметка на својата странка.[44] Адвокатот бил должен да поднесе сметка за својата награда и трошоците во оној момент кога одмерувањето на висината е побарано од страна на странката. Доколку адвокатот не донел сметка и не ја приложел пред судот, во тој случај, судот ја одмерувал висината во согласност со наводите и податоците кој ги добивал од странката.[45]

Погоре во точката 2 од овој труд беше спомнато дека правата и обврските на адвокатот почнуваат во моментот кога странката ќе му даде полномошно да постапува во негово име и за негова сметка. Но, кои права и должности произлегуваат од даденото полномошно за адвокатот во времето на Кралството СХС?

Како и секој адвокат, така и адвокатот во времето на Кралството СХС бил должен да постапува по повод правната работа која му била доверена од стана на неговиот властодавец.[46] Постапувањето по повод доверената правна работа траело сé додека траело полномошното и се додека таквото постапување одговарало и било во корист на странката.[47] Вака поставените правни правила врзани за постапувањето на адвокатот врз основа на полномошно откриваат една сосема нова димензија, а таа е дека полномошното и во тоа време било препознаено и поделено на општо и посебно, со време на траење-до извршување на доверената правна работа. Но, доколку адвокатот го откаже даденото полномошно за извршување на правната работа на својата странка, но не без оправдани причини, тогаш престанува важноста на полномошното, а тоа повлекува извесни правни последици односно права и должности за адвокатот.[48] Ако адвокатот го откаже полномошното на својата странка, во тој случај, има обврска да истата таа странка ја застапува уште триесет дена од денот на откажување на полномошното, а сé со цел на странката да и се даде време да најде нов адвокат и, за тоа време, да не настанат штетни правни последици за странката.[49]

Во случај на престанување на важноста на полномошното, адвокатот има обврска, на барање на странката, да ги предаде сите списи и исправи кои припаѓале на странката.[50] Вака поставената обврска имала и своја спротивност. За адвокатот не бил во обврска да ги врати, издаде списите, концептите и писмата кои му ги напишала странката, доказите за издатоци кои ги сторил и биле врзани за исполнување на работата наведена во полномошното, сé додека странката не му ги подмири сторените трошоци. Но, ако странката изричито бара издавање на истите, тогаш адвокатот има обврска да ги издаде истите, на трошок на странката.[51]

Постоела уште една обврска за адвокатот поврзана за списите и материјалите поврзани со правната работа која била предмет на полномошното. Доколку застапувањето веќе било престаната, адвокатот ја повикала странката да ги преземе списите, а странката не стори јасна

44) Чл. 29, ст.8, Закон за адвокатите 1929 г.
45) Чл. 29, ст.2, Закон за адвокатите 1929 г.
46) Чл. 29, ст.3, Закон за адвокатите 1929 г.
47) Законот за адвокатите од 1929 година не поседува јасна одредба дали станува збор за властодавец и полномошник за лицето кое го дава односно прима полномошното. Едноставно, овој закон страната која постапува по применото полномошно е адвокат, а страната која го дава полномошното е странка.
48) Чл. 23, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
49) Чл. 23, ст.1 и ст.4, Закон за адвокатите 1929 г.
50) Чл. 23, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
51) Чл. 24, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.
52) Чл. 24, ст.2, Закон за адвокатите 1929 г.

чинење и нив не ги прземе, во тој случај адвокатот има обврска за чување на списите во време траење од шест месеци од денот на повикувањето.[52]

За адвокатот, во согласност со Законот за адвокатите од 1929 година постои уште една група на права и обврски, доколку може така да се каже, кои се поврзани за полномошното. Адвокатот од времето на Кралството СХС имал право, доколку бил спречен лично да ја заврши доверената правна работа, да ја додели на заменик кој лично ќе го одреди и именува.[53] Во тој правец, наградата и трошоците кои се наменети за заменикот биле во рамките на должностите на адвокатот, а не на странката.

На крајот на оваа глава не смее да се испушти и тоа дека позади секоја несовесно и погрешно водена постапка и позади секој грешно преземен чекор при исполнувањето на правната работа наведена во полномошното или било какво неисправно застапување на странката пред судот, адвокатот бил дисциплински одговорен пред Адвокатската Комора во тоа време. Така, за да сликата биде појасна, адвокатот дисциплински одговарал во следните случаи: а) повредување на своето звање со кое би се нарушила честа и угледот на адвокатскиот сталеж; б) немарност при вршењето на својата должност;[54] в) ако преку платен посредник бара и наоѓа клиенти (странки); г) ако поднесе писмено составено кај надриписар; д) ако на јавно наддавање, на кое ја застапува својата странка, ја купи стварта за која јавно се наддава, за себе или за нему блиска роднина.[55]

Од вака претставените права и обврски кои законски биле наметнати на адвокатите, може да се заклучи дека адвокатурата и вокацијата адвокат во времето на Кралството СХС и неговиот правен наследник Кралството Југославија, била и те како одговорна и сериозна вокација, со ним наменети правни правила кој требало да се почитуваат и на тој начин да се сочува дигнитетот на професијата и самостојноста на адвокатскиот сталеж. Како дополнение кон намерата за зачувување на адвокатскиот сталеж и неговиот углед и авторитет се воведени и дисциплинските мерки кои претставувале казна за секој еден адвокат кој несоодветно и неодговорно ќе постапувал во својата адвокатска пракса.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Имајќи ја во вид историската слика на Република Македонија и политичките превирања кои се дел од таа слика, сме на ставот дека Законот за адвокатите од 1929 година е правноважечки закон на територијата на Република Македонија од тоа време, наменет за адвокатите и адвокатурата како дел од општествениот систем. Овој закон претставува значаен белег за еден историски период и преставува значаен резултат на големите заложувања и напор кои ги вложиле тогашните адвокати за создавање на еден применлив закон, поставувајќи ги основите на една значајна професија, која била нераскинлив дел од тогашното општество. Но, да не заборавиме дека историјата на адвокатите, адвокатурата и законите ним наменети не почнуваат од овој закон. Единствено сакаме да укажеме дека овој закон е првиот закон кој важел и бил применуван и на територијата на денешна Република Македонија.

При читањето и разработката на законот за адвокатите од 1929 година првичниот впечаток е дека се работело за прилично модерен и современ закон. Овој современ закон допринел во унификацијата на законодавството на тогашното Кралство СХС и неговиот правен следбеник Кралството Југославија. Како што наведуваат истражувањата поврзани за тој период од историјата со овој закон се декларира независноста и самостојноста на професијата адвокат и во исто време овој закон ја втемелува сигурноста на адвокатот. Во тој правец, адвокатот како дел од општеството, со помош на овој закон се штити од загрозувањето на интересите на професијата

53) Чл. 24, ст.3, Закон за адвокатите 1929 г.

54) Чл. 25, ст.1, Закон за адвокатите 1929 г.

55) Чл. 50, Закон за адвокатите 1929 г.

56) Чл. 51, Закон за адвокатите 1929 г.

и мешањето во иститe од било кој дел од апаратот на власта. Преку овој закон, адвокатот добива целосно вреднување на неговата професија која е сегмент од општествениот тогашен систем.

Од законските одредби може да се одгатне значењето на адвокатурата, а пред сé на адвокатите во тогашното општество. Неретко е присуството на норми кои укажуваат на честа и угледот на адвокатот, а со тоа и на адвокатскиот сталеж. Адвокатот од тоа време бил респектабилен дел од општеството кој го краселе углед, авторитет и знаење. Од друга страна пак, од нормите на овој закон може да се утврдат три односи кои се раѓаат при занимавање со адвокатурата. Станува збор за односите кои настануваат помеѓу адвокатот и државата, адвокатот и колегите адвокати, а со третиот однос се гради врската адвокат- клиент.

Сме на ставот дека овој закон претставува еден од најуспешните, најслободните и најцелосните закони кои некогаш важеле на тлото на Република Македонија, пред сé поради автономијата и слободата врз кои почивала адвокатурата тогаш.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Книги

[1] *Аврамовић, С. : *Општа правна историја* – Стари и средњи век, Београд, 2000.

[2] *Vucković, M., *Zastupništvo*, Enciklopedija imovinskog prava i prava udruženog rada, tom III, Beograd, 1978.

[3] **Историја југословенске адвокатуре*, I књига, Београд, 1998.

[4] **Историја југословенске адвокатуре*, II књига, Београд, 1998.

[5] **Историја југословенске адвокатуре*, III књига, Београд, 1998.

[6] *Janković, D. I Mirko Mirković: *Državnopravna istorija Jugoslavije*, Beograd, 1987.

[7] *Nikolić, D.: *Fragmenti pravne istorije*, Niš, 1997.

[8] *Николић, Д.: *Општа историја права*, Ниш, 2007.

[9] *Risitić, S. (redaktor): *Enciklopedija imovinskog prava i prava udruženog rada*, I – III, Beograd, 1978.

[10] *Поповска, Б.: *Државно-правна историја на Македонија VII-XX век*, Скопје, 2010.

- Закони

*Закон о адвокатима Краљевине СХС од 1929*, „Службене новине Краљевина СХС“, бр.65 – XXVIII